MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-712/6
27-05-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 17-та седница одржана на ден 22.05.2019 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-712/1 од 22.02.2019 година.

Предметот со број 12-712/1 од 22.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-712/1 од 22.02.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Добиената пријава содржи наводи за неправилно и незаконито работење на одговорното лице - директор на средно општинско училиште во Штип, а во врска со непостапување по решение со наредени мерки за постапување, донесено од страна на Државниот просветен инспекторат по извршен инспекциски надзор во средното општинско училиште.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, ДКСК констатира дека во случајот било постапено по поднесена претставка од истото лице и од страна на друг надлежен орган - на Државен просветен инспекторат, бил извршен вонреден инспекциски надзор во предметното средно општинско училиште по што било донесено решение со задолжување за постапување, а по кое било постапено од страна на директорот на предметното училиште, биле преземени наредените мерки и била запрена понатамошната постапка. Со оглед на констатираното, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека за случајот постапил друг надлежен орган и било постапено од страна на директорот на предметното училиште по што оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk